**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Десеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевси, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Десеттата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и шефовите на странските дипломатско конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Имам особена чест и задоволство, од името на Собранието на Република Македонија и од свое лично име да го поздравам, меѓу нас, претседателот на Република Хрватска, господинот Сјепан Месиќ.

(Аплауз).

Почитуван претседателе на Република Хрватска ве поканувам да се обратите на Собранието на Република Македонија. Повелете.

**Стјепан Месиќ:** Господине претседателе на Собранието на Република Македонија, господине претседателе на Република Македонија, господине претседателе на Владата на Република Македонија, членови на Владата, госпоѓи и господа пратеници, ценети гости, особена чест и задоволство ми е што можам да им се обратам на членовите на највисокото претставничко тело на Република Македонија.

Парламентите имаат извонредно важна улога во животот на демократските земји и ја користам секоја можност што ја добивам, да се сретнам со парламентаците, или како денес, директно да им се обратам.

Ова е моја втора официјална посета на вашата земја. Прв пат овде бев непосредно откако ја презедов должноста претседател на Република Хрватска. Мојата денешна посета е само уште една потврда на добрите и пријателски односи помеѓи нашите земји, односи кои не се оптоварени ниту со едно отворено политичко прашање, можат понатаму да се развиваат на сите подрачја и тоа на двострана корист.

Би сакал со вас да споделам некои свои размислувања за состојбата во регионот и за перспективите на остварувањето на амбицијата што сите ние во регионот ја делиме, имено вклучувањето во обединета Европа.

Врските меѓу Хрватска и Македонија не се од вчера. Тие имаат корени далеку во минатото, во време кога, да споменам само еден пример, постоеше интензивна трговска поврзаност помеѓу Македонија и Дуброник. Освен тие историски врски, заедничко ни е и тоа што некогаш одамна бевме и самостојни држави, а потоа со векови под туѓа власт, за повторно да оствариме полна самостојност дури кон крајот на 20-от век. Во тој историски развој посебно место, од низа причини, има периодот што го поминавме во заедничка држава, во нејзините две варијанти кои по својот карактер потполно се разликуваа, што посебно вие во Македонија мошне добро го почувствувавте. Од тоа време, а сепак станува збор за шест децении, датираат нашите врски на многу подрачја, врски кои се добар темел врз кои денес натаму градиме и можеме во иднина уште поуспешно да градиме.

Бившата Југославија се распадна во крв и разурнувања. Македонија имаше среќа да биде поштедена од тоа. Но, последиците од распаѓањето, на одреден начин и вие ги почувствувавте, а всушност ги почувствува и целиот регион. Да бидам до крај отворен, ги чувствуваме и денес. Токму на отстранувањето на последиците од распаѓањето на Југославија и војните во кои таа се распадна, мораме денес сите заеднички да работиме. Кога велам сите, тогаш мислам и на оние кои со војните беа директно зафатени, како Хрватска, но и на оние кои ги избегнаа, како Македонија. Војните оставија недоверба и омраза, оставија затруена клима во меѓусебните односи на подрачјето на бивша Југославија, оставија прекинати врски, буквално прекинати, од телефонски преку сообраќајни и до сите други. Сето тоа требаше постепено да се отстранува, требаше да се гради нова архитектура на односите во Југоисточна Европа.

Откако ја презедов функцијата претседател на Република Хрватска, тоа е една од приоритетните задачи на која го посветувам своето внимание и на која интензивно работам.

Во односите со Република Македонија, мило ми е што можам тоа уште еднаш да го нагласам, од самиот почеток нема никакви посериозни проблеми. Меѓутоа, рамно не тангираат последиците од војните и тоа сепак повремено го забавуваше развивањето на нашите односи, со она темпо кое, објективно гледано, би било возможно и пожелно. Со задоволство можам да кажам дека таа фаза ја оставивме зад нас. Во прилог на тоа зборуваат и два факти, поврзани со оваа моја посета.

Прво со претседателот на Република Македонија денес парафирав заедничка изјава за принципите на нашите билатерални односи, но и за односите во регионот.

Второ, при оваа посета не придружува импресивна делегација на хрватски стопанственици што на најдобар можен начин зборува за интересот кој постои за понатамошно изградување на нашите економски односи. Односите во регионот ние мораме да ги

поставуваме и да ги градиме врз нови темели, користејќи го меѓутоа и сето она што било позитивно во тие односи, во минатото. Значи, јас не сум за тоа да се однесуваме така како историјата да почнува со нас или од нас. Постои минатото и ние мораме да го признаеме, но и да го користиме. Кога велам да го признаеме, тогаш мислам на тоа дека мора да имаме и политичка волја, а понекогаш и храброст да се соочиме со вистината за минатото, каква и да била, затоа што само со вистината за минатото ќе можеме без оптоварување да ја градиме иднината. А кога велам дека минатото мораме да го користиме, тогаш сакам да повикам на користење на позитивните искуства од тоа минато, а нив ги имаше. Во тоа нема сомнение.

Ако поштено и објективно се осврнеме кон она што е за нас, најкратко речено ни на кој начин не смееме да ги доведеме во прашање темелите врз кои е изграден демократскиот свет, што се создава по Втората светска војна. Тука посебно мислам на антифашизмот и на неговите трајни вредности.

Второ, при уредувањето на односите во регионот, мора да тргнуваме од заклучоците на Бадинтеровата комсија која границите на бившите ЈУ републики ги призна како граници на новосоздадените држави, како и еден од универзалните принципи во меѓународните односи, имено дека е неприфатливо менување на границите со сила. Тоа е основа која ниту се смее, ниту може да се доведува во прашање. Врз таа основа треба да ги градиме нашите меѓусебни односи во регионот, согласно со принципите на полна рамноправност, почитување и остварување на човечките и малцинските права, меѓусебно уважување, взаемна корист и одрекување од било какви претензии кон уверена територија на други држави, како и решавање на евентуалните спорни прашања, исклучиво со преговори. Секако, за сите наведени принципи, општа рамка е демократијата.

И ние во Хрватска и вие во Македонија се определивме неповратно за демократија. Имаме свои искуства со авторитарни режими, при што јас секогаш и тоа со причина, го нагласувам фактот дека југословенскиот режим, иако несомнено авторидарен, во некои битни елементи се разликуваше од моделот што бил практициран во сите други земји во кои е реализиран социјалистичкиот општествен поредок. Денес стекнуваме искуства со демократијата, ги забележуваме и нејзините недостатоци, но тие смеат да бидат само поттик, демократијата и понатаму да ја развиваме и јакнеме, а никако да се одрекнеме од неа.

Парламентарните механизми во демократскиот поредок се од исклучителна важност. Ние во регионот, иако тоа варираше од земја до земја, имавме период кога изборите личеа на попис на жителите по националноста. Доверба им се даваше на националните странки, исклучиво поради нивниот национален предзнак. Тоа постои и денес.

Јас не го потценувам значењето и важноста на националниот фактор, но треба да го поттикнуваме развојот кој еден ден ќе не доведе до тоа да се определуваме, во прв ред, врз основа на понудени програми, а националноста, исто како и религијата да биде приватно прашање на поединецот, согласно со стандардите веќе усвоени во обединета Европа. Тоа секако ни на кој начин не ја доведува во прашање полната слобода на националното изразување. Тоа е неразделив дел од остварувањето на човечките права, како и правата на националните односно етничките групи. Во тој контекс и признавањето на статусот на малцинство односно етничка група на припадниците на секој народ што живее на територијата на некоја друга држава, без сомнение има позитивен одраз врз вкупните билатерални односи на државите кои се во прашање.

Демократијата, човечките права, малцинските права, медиумските слободи, слободен проток на луѓе, стоки и идеи, тоа се клучни предуслови што сите ние во регионот мора да ги оствaруиме за да можеме да сметаме на тоа дека ќе станеме полноправни членови на Европската унија, а тоа е она што го акаме и копн што се стремиме.

Јас имам обичај да кажам дека обединувањето на Европа е милениумски потфат кој за прв пат го историјата на стариот континент се остварува врз основа на демократски изразеиот интерес на поедини земји, а не со сила и во интерес на оној кој располага со сила. Поради тоа оваа денешна обединета Европа и покрај сите слабости и недостатоци што ги забележуваме, е проект во кој и ние од Југоисток на континентот, мора да се вклучиме. Тоа не е само наша желба, туку и наша судбина, секако, ако не сакаме нашите граѓани да ги осудиме на живо во изолација.

Подготовките за членство во Унијата , понекогаш се тешки но и болни. Обединета Европа има свои правила и ние едноставно мораме да ги прифатиме, мора да се приспособиме кон она што веќе постои во најголемиот дел на Европа и притоа мора, а тоа е особено важно, нашите граѓани континуирано да ги запознаваме со тоа како функционира обединета Европа, како ќе ни биде во таа Европа, што од неа можеме да добиеме, но и што ние можеме на неа да и дадеме, затоа што не е вистина дека ние од Европа само нешто очекуваме. Ние, секој за себе, имаме и што да понудиме, имаме со што Европа да ја збогатиме. Немојте никогаш да заборавиме, обединета Европа не ги брише националните идентитети. Таа не ги поништува националните или какви било други посебности. Обединета Европа не униформира. Таа е и може да биде само единство на различности, таков организам во кој по прв пат во историјата, националните малцинства навистина ќе бидат мостови на поврзувања и нема на никому да му случат како

изговор за посегнување кон туѓа територија. На тој начин обединета Европа ќе ја исклучи војната како средство за остварување на политички цели. Колку е тоа важно, не само за Европа, не морам посебно да нагласувам.И уште нешто. Само обединета Европа може да биде прав партнер на големите денес и на оние кои се на пат да останат големи веќе утре.

Ние во регионот и со тоа би заклучил, можеме да дадеме драгоцен придонес за изградувањето на обединета Европа, со уредување на нашите меѓусебни односи врз основи кои се европски. Со тоа, воедно го помагаме создавањето на услови кои ќе го забрзаат нашето приближување, а на крајот и вклучувањето во Европската Унија. Притоа, датумите се најмалку важни. Она што е важно е што побрзо да ги усвоиме европските критериуми и стандарди, животот во своите држави да го уредиме на начин на кој е уреден во Европската унија и да станеме, така да кажам компатибилни со Унијата. Ние тоа го можеме, а на нашиот европски пат ќе бидеме поуспешни ако меѓусебно се помагаме. Република Хрватска е подготвена за тоа.

Ви благодарам за вашето внимание. Благодарам за можноста да ви се обратам и сигурен сум дека мојата посета на Република Македонија, ќе биде нов придонес не само за изградувањето на нашите билатерални односи, туку и за стабилизирањето на околностите во поширокиот регион, а со тоа и во цела Европа, во корист на сите наши граѓани.

Благодарам за вашето внимание.

(Аплауз).

**Љубуша Георгиевски:** Почитуван претседателе на Република Хрватска, господине Стјепан Месиќ, ви благодарам за вашето време, да се обратите во Собранието на Република Македонија.

Ја заклучувам Десеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13,36 часот.)